Врз основа на член 184 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ 25/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013), Комисијата за хартии од вредност на РМ, на седницата одржана на __-07-2013 година донесе

**ИНСТРУКЦИЈА**
**за примена на Законот за преземање на акционерски друштва**

Со оваа Инструкција се врши појаснување на одредени членови од Законот за преземање на акционерски друштва при нивната практична примена.

**1.Утврдување на учеството во правата на глас (член 4 став 4)**

Согласно член 4 став 4, при утврдување на процентот на учество во правата на глас се земаат предвид:

1) правата на глас од сите акции со право на глас на целното друштво, вклучително сопствените акции и акциите кај кои остварувањето на правото на глас на другите акционери е ограничено според овој или друг закон и

2) правата на глас врз основа на куповни опции или термински договори

**Појаснување:**

Согласно член 3 точка 8, „хартии од вредност" се акции со право на глас во целното друштво, хартии од вредност со право на замена во акции со право на глас и хартии од вредност кои на имателот му даваат куповна опција.

Согласно член 280 став 1 од Законот за трговските друштва, секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во собранието на друштвото. Согласно став 3 од истиот член, приоритетните акции можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас.

Доколку приоритетните акции согласно Законот за трговските друштва се издадени како акции со право на глас, тогаш се земаат во предвид при утврдување на процентот на учество во правата на глас согласно член 4 став 4.

**2. Задолжителна понуда за преземање (Член 9)**

Согласно член 9 став 3, преземач, кој спровел успешна понуда за преземање, може да се стекне со 5% од акциите со право на глас во рок од две години. Доколку преземачот во рокот од две години го достигне дополнителниот праг за преземање е должен да даде понуда за преземање.

**Појаснување:**

Согласно став 4, обврската за давање на понуда за преземање престанува кога преземачот со успешна понуда за преземање се стекнал со најмалку 75% од акциите со право на глас на целното друштво

Во наредниот период од 2 години, по истекот на периодот од 2 години по успешно завршена понуда за преземање, преземачот може да се стекне со

дополнителни помалку од 5%, без да биде должен да даде понуда за преземање односно преземачот може да стекнува помалку од 5% од акциите со право на глас во било кој период од 2 години по успешно завршена понуда за преземање.

Доколку со дополнителното стекнување на акции со право на глас помалку од 5% преземачот го надмине прагот од 75%, во тој случај нема да се смета дека компанијата е преземена, туку преземачот ќе биде **должен** да даде јавна понуда за преземање. Преземачот можеби претходно спровел успешна понуда за преземање (стекнал 60%, 72%), но со понудата не се стекнал со најмалку 75% од акциите со право на глас на целното друштво за да се смета дека тоа друштво е преземено.

### 3. Доброволна понуда за преземање (Член 10)

Согласно член 10, доброволна понуда за преземање може да даде лице кое само или заедно со лицата со кои дејствува заеднички не стекнало 25% од хартиите од вредност на друштвото кои обезбедуваат право на глас, а кое сака да изврши преземање.

**Појаснување:**

Во случај кога преземачот претходно се стекнал со 50%, 60%, 70% или 90% од акциите со право на глас, **неможе дополнително** да даде доброволна понуда за преземање, поради тоа што веќе стекнало повеќе од 25% од акциите со право на глас.

### 4. Предмет на понуда за преземање (Член 11)

Согласно член 11, предмет на понудата за преземање се сите хартии од вредност на целното друштво, освен хартиите од вредност чиј имател е преземачот.

**Појаснување:**

Понудата за преземање се однесува и на приоритетните акции, доколку согласно член 4 од Законот за преземање ги исполнуваат критериумите за утврдување на процентот на учество во правата на глас.

Во случајот кога целното друштво има приоритетни акции кои се во сопственост на ПИОМ, понудата за преземање се однесува и на тие акции.

### 5. Цена на хартиите од вредност (Член 14 став 6)

Согласно член 14 став 6, преземачот кој во период од 1 година по истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање која била успешна се стекне со хартии од вредност по цена која е повисока од цената во таа понуда, должен е на прифаќачите на понудата да им ја доплати разликата во цената во пари, во рок од осум дена од стекнувањето на новите хартии од вредност.

**Појаснување:**

По успешно завршена јавна понуда за преземање, Комисијата за хартии од вредност на РМ, врши контрола над преземачот со цел да утврди дали

тргува со хартии од вредност на целното друштво. Доколку преземачот купува хартии од вредност од целното друштво по цена повисока од цената во понудата за преземање, во тој случај по сила на закон, ќе биде должен на прифаќачите на понудата да им ја доплати разликата во цената во пари, во рок од 8 дена од стекнувањето на новите хартии од вредност. Во спротивно доколку во рок од 8 дена од стекнувањето на новите хартии од вредност, преземачот не ја доплати разликата во цената во пари, согласно член 60 од Законот, Комисијата носи решение со кое определува рок за отстранување на неправилностите, кој не смее да биде подолг од 5 календарски дена од денот на прием на решението. Притоа преземачот е должен на Комисијата да и достави извештај за преземените мерки за отстранување на неправилностите и да приложи документи и докази дека утврдените неправилности се отстранети.

Доколку преземачот не ги отстрани неправилностите во утврдениот рок, односно доколку се работи за неправилности кои не можат да се отстранат, во тој случај прифаќачите на понудата може да поведат парнична постапка за надомест на штета.

## 6. Откривање на работи поврзани со хартии од вредност кои се предмет на понудата за преземање (Член 37)

Согласно член 37 став 1 членовите на органот на управување на преземачот и членовите на органот на управување на целното друштво, најдоцна десет дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање се должни да ја известат Комисијата за сите правни работи со предметните хартии од вредност што ги извршиле во период од 12 месеци пред започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

**Појаснување:**

Под правни работи се подразбираат: договор за подарок, залог, наследство, термински договори и други правни дела со кои **настануваат, се менуваат или престануваат** правата од хартиите од вредност кои се издадени од целното друштво.

## 7. Принудна продажба (член 63)

Согласно член 63 став 1, доколку преземачот во постапката за преземање се стекнал со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво, тој има право да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери коишто не ја прифатиле понудата за преземање.

Согласно став 2, купувањето на хартии од вредност се врши под условите определени во понудата за преземање, односно во последната променета понуда за преземање.

Согласно став 3, преземачот кој сака да го искористи правото на принудна продажба е должен до овластениот депозитар да поднесе барање за принудна продажба на хартиите од вредност на акционерите кои не ја прифатиле понудата за преземање. Во барањето преземачот ги наведува условите за купување на хартиите од вредност и притоа должен е да изврши

уплата на паричниот износ потребен за откуп на хартиите од вредност на посебна сметка на овластениот депозитар.

Согласно став 4, овластениот депозитар ги известува сите акционери за поднесеното барање за принудна продажба и ги повикува сите акционери да доставaт податоци за сметка во банка на која ќе им се изврши уплатата за продадените хартиите од вредност врз основа на принудната продажба.

**Појаснување:**

Преземачот кој се стекнал со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво **има право** да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери коишто не ја прифатиле понудата за преземање. Останатите акционери, кои не ги понудиле своите акции и не ја прифатиле понудата за преземање, **имаат обврска** по сила на закон да му ги продадат хартиите од вредност на преземачот.

При спроведување на принудна продажба, доколку станува збор за акционери кои од најразлични причини неможе да се идентификуваат (на пример: погрешен ЕМБГ, грешка во име/презиме на акционер, назив на акционер, незавршена оставинска постапка и сл.), кај кои се води стечајна постапка или ликвидациона постапка, преземачот кај овластениот депозитар, депонира на посебна сметка парични средства кои се потребни за намирување на тие акционери согласно бројот на нивните акции.

Средствата се на располагање на акционерите во секој моментот кога ќе достават податоци за сметка во банка на која ќе им се изврши уплатата за продадените хартиите од вредност врз основа на принудната продажба.

8. Оваа инструкција влегува во сила со денот на усвојувањето и ќе се објави на веб страната на Комисијата.

**Број 09-1331/1**
**Скопје**
**12-07-2013 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Македонија**
**Претседател**
**М-р Елизабета Џингаровска**